# РОСИЦА

Бесплатен примерок
Број 4/2025


# ПРИЛОГ ЗА РОДИТЕЛИ

ПОДАРУВАЊЕТО И ПОДАРОЦИТЕ

## ПОДАРОК ШТО ЗНАЧИ ЉУБОВ

НОВАТА ГОДИНА — ВЕТУВАЊЕ ЗА ПОДОБРИ НАВИКИ

## НОВОГОДИШНО ПАКЕТЧЕ СО НОВОГОДИШНИ ВЕТУВАЊА

РАЗВОЈОТ НА ГРАФОМОТОРИКАТА

## СЕКОГАШ ИМАЈТЕ ЈА ВО ОБЗИР ВОЗРАСТА НА ДЕТЕТО



## ПОДАРУВАЊЕТО И ПОДАРОЦИТЕ

# ПОДАРОК ШТО ЗНАЧИ ЉУБОВ

НА ШТО НАЈМНОГУ СЕ РАДУВААТ И ДЕЦАТА И ВОЗРАСНИТЕ? ОСОБЕНО КОГА Е СЕЗОНА НА ПРАЗНИЦИ? ЌЕ СЕ СОГЛАСИМЕ ДЕКА И ГОЛЕМИТЕ И МАЛИТЕ СЕ РАДУВААТ НА ПОДАРОЦИ. НО ПРАШАЊЕТО Е ШТО ДА СЕ ПОДАРИ? КАКО ДА ПРЕДИЗВИКАМЕ СРЕЌА И РАДОСТ КАЈ ТИЕ ШТО ГИ САКАМЕ? ОСОБЕНО КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА НАШИТЕ ДЕЦА. ЧИНОТ НА ПОДАРУВАЊЕ НОСИ ДВОЈНА СРЕЌА И РАДОСТ.



### СРЕЌЕН Е ОНОЈ ШТО ДОБИВА ПОДАРОК, НО СРЕЌЕН Е И ОНОЈ ШТО ПОДАРУВА

Многу е важно уште од најмали нозе да ги научиме децата на чинот на подарување, но и на чинот на прифаќање подарок.

**Подароците може да бидат подготвени и во домашна атмосфера** од вас и вашите деца - така ќе поминете квалитетно време заедно, но и подарокот ќе добие на значење и важност. Помогнете им на децата да научат дека подарокот не мора да се купи, дека може и да се изработи.

Заеднички направете честитка за учителката, оригами за помалото братче или сестриче, цртеж за баба или дедо. Тоа се подароци што се чуваат како најдраги спомени. Затоа, цртајте, креирајте, обојте ги подароците во омилените бои на вашето дете. Нека навлезе новогодишната магија во вашиот дом, радувајте се на подароците уште пред да бидат подарени!

Чувството што ќе го предизвикате од сознанието дека и самото може, умее и знае како да направи подарок е од непроценливо значење. Ќе му ја зајакне самодовербата, но и ќе ја развие креативноста и желбата да се направи нешто убаво за некој друг.



Тоа чувство на среќа не може да се купи во ниту една продавница. Сознанието дека можам, знам и умеам да направам подарок е предизвик плус за секое дете и развива емпатија и градење високи морални вредности кај личноста.

Но и да се решите за подарок од продавница, тогаш не заборавајте да го дополните со порака или честитка што ќе ја изготвите самите. Ако ништо друго, барем пакувајте ги купените работи со посебна љубов и внимание.



**Забавувајте се со вашите деца во пресрет на новогодишните и божиќните празници.** Создавајте подароци. Така среќата, радоста и возбудата ќе траат многу подолго. Подароци од продавница можете да ги купите во секое време, но оваа година на блиските околу вас подарете им и подарок изработен од вештите раце на вашите деца. Вашите деца ќе бидат среќни, а тоа е најголемиот подарок за сите.

Гордана Здравковска,
професор по
Македонски јазик и литература



## НОВАТА ГОДИНА – ВЕТУВАЊЕ ЗА ПОДОБРИ НАВИКИ

# НОВОГОДИШНО ПАКЕТЧЕ СО НОВОГОДИШНИ ВЕТУВАЊА

Периодот околу Нова година е највеселиот период во годината. Децата се особено возбудени бидејќи се активно вклучени во подготовките за претстојните празници - китење на елката, декорирање на домот, купување подароци. Тие се во исчекување на нешто весело, необично, несекојдневно.

Децата знаат дека треба да очекуваат новогодишно пакетче, но не знаат што ќе има во него. Можеби претпоставуваат дека ќе добијат пакетче со чоколади, лижавчиња и различни грицки, но, сепак, со нетрпение го очекуваат и со уште поголема возбуда го отвораат. Време е да ги изненадите.



## НОВОГОДИШНО ПАКЕТЧЕ СО ВЕТУВАЊЕ

Сите ние од Новата година очекуваме нешто повеќе и подобро - во однос на здравствена состојба, слободно време, материјални средства... па даваме ветување дека сè што сме сакале и ветиле во старата година, а не сме го направиле - тоа ќе го направиме во текот на следната. И сè е прекрасно и оптимистички додека траат празниците. Кога ќе поминат празниците и кога ќе се вратиме на секојдневните активности, како да заборавме на сè што сме си посакале или што сме си ветиле себеси, па и на другите околу нас. Повторно ги имаме истите обврски, повторно немаме време ни за себе, ни за децата, ни за реализирање на сето она што сме го сакале, сонувале, планирале, ветувале.

## ДОЗВОЛЕТЕ ИМ НА ДЕЦАТА ДА ВЕ ПОТСЕТАТ...



Ден за ден, година по година ветуваме и не исполнуваме. И секогаш наоѓаме изговори за нашите неисполнети ветувања. И секогаш се лутиме кога другите луѓе не ги почитуваат дадените ветувања и ги нарекуваме неодговорни, вешто криејќи дека и со нас се случува истото. И можеби сето тоа и не ќе беше така страшно ако се занемари фактот дека ние, возрасните, сме тие кои воспитуваме деца, дека сме нивен модел на однесување, пример што го следат во секој чекор, идол кон кој се стремат во животот.

Па зар може ние, кои не ги исполнуваме нашите ветувања, да бараме од децата да го почитуваат и исполнат тоа што го ветиле ТИЕ? Па зар ние може да ги критикуваме децата и новите генерации што сме ги воспитувале НИЕ? Па кој е првиот, најважниот и најодговорниот учител на детето ако тоа не е родителот? Зарем некој повеќе од родителот сака да воспита одговорна личност? А дали сме ние пример за такво однесување?



Секако, понекогаш ни треба потсетување на нашето ветување. Често, не е доволно ветувањето да се даде само со збор, особено кога се децата многу мали. Децата на предучилишна возраст најчесто светот го перципираат визуелно. Затоа можете да му дадете на вашето дете и визуелно ветување - нешто што детето ќе го разбере, запомни и ќе му биде при рака да ве потсети на она што сте го ветиле.

За вашите деца вие не мора да бидете врвен уметник - доволно е само со многу љубов да нацртате што му ветувате - дека често ќе одите во парк, на игралиште, во игротека, во кино или театар, заедно ќе гледате некоја серија или филм (соодветна на неговата возраст), редовно ќе му читате сликовници, ќе му купите велосипед или милениче... Идеите се бесконечни. Вие најдобро ги познавате вашите деца и знаете што сте им ветиле многупати до сега, но не сте го исполниле. Вашето визуелно ветување нека биде дел од новогодишното пакетче за вашето дете. Тоа може да се постави на некое видно место во домот или во детската соба и да му биде на дофат на детето - да може да ве потсети дека нешто сте ветиле, а вие да го исполните.

И во новата година останете позитивен пример на однесување за вашето дете.

Ви посакуваме среќна Нова година и исполнување на сите ваши желби, особено на оние што ќе си ги поставите сами и ќе си ветите дека ќе ги исполните.



Сања Ливринска, педагог,
ЈОУДГ „Фидани“ - ЧАИР, СКОПЈЕ

## РАЗВОЈОТ НА ГРАФОМОТОРИКАТА
# СЕКОГАШ ИМАЈТЕ ЈА ВО ОБЗИР ВОЗРАСТА НА ДЕТЕТО

Децата од најрана возраст развиваат фина моторика на раката, односно движења на дланката и на прстите. Со поттикнување на моториката, се поттикнуваат и соседните зони во мозокот, кои управуваат со говорот.



### ШТО ПОДРАЗБИРАМЕ ПОД ПОИМОТ ГРАФОМОТОРИКА?

Наједноставно кажано, графомоториката е способност на држење молив и пишување.

За да се постигне таа способност, на децата им е потребна правилно насочена помош, која ќе ги стимулира да бидат успешни во тоа што се бара од нив. Затоа, најдобро е да им се помогне со забавни игри како редење, сложување, откопчување, закопчување....

Манипулативната способност што ќе ја развијат децата во најрана возраст, е предуслов за успех во подоцнежните графомоторички активности - цртање, боење и пишување.

Со графомоторичките вежби детето не развива само моторика, туку и внимание, ориентација, говор, спознавање. Тоа ги памети претходно усвоените движења, ги користи во нови ситуации и размислувања.

Децата покажуваат интерес за молив и боици уште од една година. Моливот или боичката ја грабнуваат со цела рака, користејќи го рамото за да ја движат боицата.

На двегодишна возраст, држењето на боичката е во понапредна фаза. Од втората до третата година децата ја држат боичката со прстите, но сè уште неправилно.

Во периодот на три и пол и четиригодишна возраст, боичката, боичката ја држи со три прсти, но при пишување ја движи целата рака наместо прстите. Веќе на петгодишна (најдоцна шестгодишна возраст), правилно се држи боичката со врвот на прстите и при пишувањето се движат прстите, т.н.

Ова значи дека го држи моливот меѓу палецот, показалецот и средниот прст. Меѓутоа, ако вашето дете во предучилишниот период на образование не научило да држи правилно молив, тоа не е причина за загриженост. Вие треба да му понудите мала помош.

### КОРИСНИ ВЕЖБИ...

Дајте му топче во раката со којашто пишува, така што домалиот и малиот прст ќе му бидат зафатени со држење на топката. Практично со тоа мора да го држи моливот правилно.

Нека лупи мандарини или помали портокали. Освен што ќе вежба фаќање на мали предмети со прстите, додека ја лупи корага, ќе усвои вештина која ќе му биде потребна за пишување. Сè што ви треба е вежбање и трпение!

### ПРАВИЛНО ДРЖЕЊЕ НА МОЛИВОТ СПОРЕД ВОЗРАСТА НА ДЕТЕТО

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| **Од 1,5-годишна возраст** **цилиндричен зафат** | **Од 2 до 3-годишна возраст** **-дигитален зафат** | **Од 3 до 3,5-годишна возраст** **модифициран трипод зафат** | **Од 4 до 4,5-годишна возраст** **трипод зафат** |

### РАЗВОЈ НА ГРАФОМОТОРИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ СПОРЕД ВОЗРАСТА:

| Возраст на детето | Активност на детето |
|---|---|
| **од 10 до 18-месечна возраст** | Шара напред-назад по листот. Боичката ја држи со раката и ја опфаќа со прстите (во дланката). |
| **2-годишна возраст** | Шара правејќи хоризотални, вертикални и кружни линии на листот. Боичката ја држи како нож. |
| **3-годишна возраст** | Прецртува хоризонтална, вертикална линија и круг. Боичката ја држи блиску до коренот на три прсти. Положбата на раката е слична како на возрасна личност. |
| **4-5-годишна возраст** | Прецртува крст, дијагонална линија, квадрат, некои букви и бројки. Некои деца го пишуваат своето име. Боичката ја држи како возрасна личност. |
| **5-6 - годишна возраст** | Прецртува триаголник, го пишува сопственото име, препишува повеќе големи букви. Се служи добро со боичката. |

## ПОМАГАЛА ЗА ПРАВИЛНО ДРЖЕЊЕ НА БОИЧКАТА




## СО КОЈА РАКА ДА СЕ ПИШУВА



До втората година децата подеднакво ги користат и левата и десната рака. Можно е детето претежно да ја користи десната рака, а потоа одеднаш да почне да ѝ дава предност на левата. Дури меѓу втората и третата година на детето родителите може да почнат да забележуваат дали детето е левучар или деснак.

Склоноста на одредена страна, освен за раката, опфаќа и други делови на телото: стапала, нозе, па дури и уши. Таа карактеристика може да се забележи во ситуации како што е качување по скали или играње фудбал (со која нога ја шутира топката).

## ИГРИ ЗА ВЕЖБАЊЕ НА ПРАВИЛНО ДРЖЕЊЕ БОИЧКА ИЛИ МОЛИВ

- Детето тутка шамиче во рака, почнувајќи од една страна, сè додека целото шамиче не му се смести во дланка.
- Цртање со мрсни боици, кои се веќе дотрошени или скршени, останати се само кратки парчиња. Малите парчиња детето нема да може да ги држи со дланката, туку ќе ги употребува прстите и ќе ја вежба таа положба. Детето ги препознава предметите опипувајќи ги со раката.
- Со помош на пипета, детето префрла капка по капка вода од една чаша во друга. Со ова се развива сила на прстите и координација на движење.
- Префрлање на боичката меѓу прстите, во насока од палецот кон малиот прст и назад, а потоа со другата рака.


Детска радост

Прилог за родители 2025
Бесплатен примерок бр. 4
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ
Издава: Редакција „Детска радост“

Росица - списание за најмали

Прилозите во овој број „Прилог за родители“ се од архивата на РОСИЦА списание за најмали.
Одговорен уредник:
КСЕНИЈА ТРАЈЧЕВА
Ликовно-графички уредник:
НАТАЛИ НИКОЛОВСКА
Лектор:
БИЛЈАНА РАДЕВСКА

Росица - списание за најмали





Сања Нечовска, логопед,
ЈУДГ „Буба Мара“, Скопје